**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 август 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,57часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 18-та седница на Собранието на Република Македонија.

**Точка 20 - Закон за лобирање.**

Продолжуваме со претрес по законот. Согласно дисплејот што го гледам, за реплика се пријавиле пратениците Александар Николовски, но тој не е тука, Рафис Алити и тој не е тука и Васко Шутаров.

Реплика има пратеникот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Од вчерашниот ден се јавив за реплика на последниот дискутант. Мене ми е жал што дискутантот не е тука, се губи смислата на реплицирање, но бидејки беа кажани многу детално и многу педантно повеќе инфорамции што ги ценам, сепак заради јавност и во име на вистината сакам да објаснам некои работи кои се од технички карактер. Како што кажав смислата на репликата како суштински дел после вчерашната дискусија се губи, но како дополнување во име на вистинската информација сакам да кажам дека Република Македонија не е ниту прва ниту последна во рамките на ЕУ која го носи законот за лобирање. Освен трите земји кои вчера беа спомнати, Полска, Литванија и Унгарија, и Република Хрватска и Италија и Ирска се во подготовка на ваков сличен закон. Ваков сличен закон во собраниска процедураат имаат и Русија и Бугарија, Германија и Велика Британија имаат систем со кој го регулираат начинот на работа на лобистите при парламентите на овие земји во смисла на кодекс на однесување или во смисла на регистрирање при нивните парламенти.

Во отсуство на вчерашниот дискутант, само околу ова техничко дополнување на вчерашната дискусија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор е пријавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Се откажавме вчера претседателе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор беше пријавена, но не е присутна тука, госпоѓа Грксва Лошкова Славица и го губи правото за претрес по законот.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по законот е завршен.

Ги молам пратениците да влезат во салата пред да го ставам законот на гласање.

Процедурално има збор пратеникот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Господине претседателе, од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам 10 минути пауза за координација.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Објавувам пауза до 12,10 часот.

(Пауза од 12,00 до 12,12 часот).

Продолжуваме со работа.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници. Од нив за гласаа 66, воздржани нема, против 7.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за лобирање.

**Минуваме на точката 21 - Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура.**

Законот и дописот на претседателот на Република Македонија со кој известува дека не го потпишува Указаот за прогласување на законот ви се доставени.

Овој закон е ставен на дневен ред врз основа на член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со известувањето на претседателот на Република Македонија од 4 август 2008 година дека одлучил да не го потпишува указот за прогласување на овој закон.

Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа законот, односно само да го разгледа, бидејки Законот е донесен.

Ве известувам дека на Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура е примен 1 амандман од пратениците Цветанка Иванова, Марјанчо Николов, Игор Ивановски и Емилијан Станковиќ. Согласно член 165 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандмани можат да се поднесуваат само на Предлог на закон. Во Деловникот не постои одредба од која произлегува право на пратеникот да поднесува амандмани на закон кој е веќе донесен и ставен на повторно разгледување на седница на Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија. Со оглед на наведената одредба од Деловникот примениот амандман од пратениците Цветанка Иванова, Марјанчо Николов, Игор Ивановски и Емилијан Станковиќ не може да се внесе во процедура и по истиот да се води претрес.

Значи ќе имаме расправа. Ништо повеќе од тоа.

Отворам претрес по законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по законот да се пријават за збор.

Пријавени за збор се пратениците Топузова Каревска Роза, Иванова Цветанка и Станковиќ Емилијан.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани пратеници, за жал, немаме претставник на Владата и овој пат, со кој би можеле малку да дебатираме. Ова е еден типичен пример на закон кој поради постапката го доведува легитимитетот на самиот закон во прашање.

На самиот почеток сакам да кажам дека овој закон ЛДП го смета за полиберален од претходниот, што нуди и добри законски решенија. За жал, морам да констатирам, поради начинот на кој тој е донесен, до толку повеќе исклучувајки и можноста сега да доставиме амандмани за да го подобриме законското решение, имајки го предвид и отсуството на јавната дебата односно консултации со оние кои се засегнати, Адвокатската комора, до толку повеќе што и во самиот Устав во член 53 вели дека адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува јавна помош и врши јавно овластување во согласност со законот. Знаеме дека таа треба да работи во служба на граѓаните на Република Македонија. Токму поради тоа сметаме кога се работи за една ваква чувствителна проблематика тие требаше да бидат консултирани. За жал, имаме прекршување на повеќе одредби од Уставот, не само на членот 53 кој го цитирав, туку имаме прекршување и на членот 61 од Уставот на Република Македонија, потоа имаме прекршување на членот 75, повреда на член 16 и т.н., поради што може да биде доведено во прашање ова законско решение, доколку биде обжалено, да не помине, да не му даде согласност Уставниот суд односно да го врати повторно во собраниска процедура или одредени законски решенија да не добијат согласност.

Како што кажав на самиот почеток, сметам дека ова не е лош закон, нуди и некои добри решенија и конкретно ќе се задржам поединечно на членовите. До колку имавме можност да поднесеме амандмани, ЛДП би интервенирала на членот 1 од предложениот закон на членот 2 каде што се уредува дека со Законот за адвокатура се брише членот 12 од постојниот Закон за адвокатура. Што значи всушност тоа? И во членот 12-а дека имаме укинување на адвокатскиот испит.

Ние сметаме додека не почнат да излегуваат кадрите од формиранатa Академија за обука на судии и обвинители, постои интенција со нејзиното функционирање и завршување на кадрите од оваа Академија дека ќе биде укинат и правосудниот испит. До тогаш сметаме дека треба да постои адвокатскиот испит, до толку повеќе ако го погледнеме образложението, односно ако погледнеме дека во самиот предлог кој го добија пратениците основните начела на кој се заснова законот велат дека се професионалност и стручност. Почитувани колеги пратеници, ако се залагаме за стручност и професионалност, во отсуство на сеуште неизлезени кадри од Академијата за обука на судии и обвинители, тогаш се прашувам како ќе биде докажана стручноста и компетентноста и професионалноста, ако не преку полагање на еден ваков испит. Се согласувам дека Уставниот суд ја укина одредбата односно членот 12-а, со кој се уредуваше како треба да се полага адвокатскиот испит, каде треба да се полага и се одредуваше содржината, но за жал во ставот 5 на членот 12 вели: “ При определување на содржината на адвокатскиот испит не смее да биде опфатена содржината на правосудниот испит за да се избегне повторно полагање на правната материја која била опфатена со правосудниот испит”. Овде е дефинирано што не треба да содржи и јас се согласувам дека овде имаше потреба од интервенции, преку амандмани пратениците во согласност со мислењето од Адвокатската комора јасно да дефинираат што треба да содржи адвокатскиот испит, за да лицата кои треба да го полагаат овој испит не бидат доведени во заблуда и да имаме една строго дефинирана согласност околу таа материја.

Што се однесува до останатите членови, мислам дека е добро решението кое сега го имаме, интервенцијата на член 23, каде што вели дека со заснованјето на работнио тоднос до сега на оние кои се бавеле со адвокатура им престануваше правото да се бават со адвокатура и потоа ако сакаат да се вратат во оваа дејност требаше да ја повторуваат постапката која еднаш ја направиле и притоа повторно да уплатат 1600 евра кои се уплатуваат во Адвокатската комора.

Исто така, сметам дека е добро решението и во членот 24 каде што заснованјето на работниот однос се префрла во член 24. За да биде појасно на македонската јавност односно оние што се засегнати со тоа, сакам да укажам дека при засновање на работниот однос не може да се врши и со овој закон адвокатска дејност, значи оној што засновал работен однос му мирува адвокатската дејност што е добро, но затоа до колку повторно одлучи да биде вратен во адвокатската дејност, тогаш ќе има право без сите тие процедури што еднаш веќе ги направил при уплаќање на чланарината и влогот да биде веднаш вратен во служба на адвокатура.

Од тој аспект, овие решенија се добри и понатаму имаме исто така каде што се одредува член, кој ја одредува висината на коморскиот уписен влог, кој ја намалува оваа цена. Таа до сега изнесуваше околу 1600 евра, а сега се намалува на две просечни плати исплатени во Република Македонија и сметам дека е добро ова законско решение затоа што нуди можност повеќе млади луѓе кои сакаат да се занимаваат со оваа дејнсот да имаат можност да ја платат висината на коморскиот уписен влог на коморската чланарина.

Со оглед на ситуацијата во која се наоѓаат граѓаните на Република Македонија, кои сите мора да признаеме не живеат во некоја економски многу успешна држава и дека најголем број на граѓаните ни се сиромашни, исто така и младите кадри кои ги завршуваат факултетите и сакаат конкретно од Правниот факултет да се занимаваат со оваа дејност, не секој има можност да ги плати овие 1600 евра. Можеби вака не изгледаат многу, но за стандардот кој ние го имаме во Република Македонија особено за младите, за поголем дел на младите луѓе тие се големи како куќа, што би рекол нашиот народ.

Оттука, го поздравувам ова законско решение и исто така би сакала да изразам одредени дилеми околу членот кој што сега е член 5, кој интервенира во членот 33-а и каде што се додава како да се оформат органите на Адвокатската комора, кои се органи и како тие треба да се уредуваат. Мислам дека до овој степен не мораше, без консултации на Адвокатската комора да бидат вака дефинирани работите. Да не биде дека Собранието односно Владата пред се, а потоа и Собранието сака да се меша во уредувањето на работата на Адвокатската комора и органите кои што ќе ги имаме.

Мислам дека функционирањето на коморите како еснафски здруженија е многу важно во Република Македонија, веќе за жал ова Собрание се обидуваше да навлезе во ингеренциите на Лекарската комора, ја обезглави и ја уништи Комората на архитекти, и мислам дека овде барем требаше да се даде можност со уредувањето на овој закон да се изјаснат и самите адвокати.

Ве молам само уште една реченица, поради ова сето што го кажав, иако ЛДП смета дека овој закон е добар, за жал нема да можеме да гласаме за донесување на законот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Сакам уште еднаш да укажам дека овој е еден од шестте закон, за кој што претседателот на државата не потпиша указ за негово прогласување и повторно уште еднаш би сакала да изразам жалење, што не се почитуваше Деловникот на Собранието на Република Македонија и амандманите кои што ги поднесовме на дел од измените од овој закон како пратеничка група, не се ставени на расправа, а со тоа се ускратува можноста да го подобриме овој закон со што уште еднаш сакам да кажам дека се губи суштината зошто е предвидено суспензивното вето на претседателот по Уставот на Република Македонија, и уште еднаш сакам да потенцирам дека ова Собрание со ваквиот начин, изборот во ваква процедура да се донесуваат овие шест закони го крши и Уставот и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Една од основните причини заради кои што зедов збор по овој закон, е да укажам дека овој закон е грешка што е донесен по итна постапка. Лошо е што денеска овдека немаме навистина претставник на предлагачот, затоа што законов сега практично чиј е, на Собранието ли е законот, кој е предлагач на овој закон. На претседателот не може да биде, затоа што тој не потпишал указ за прогласување, на Собранието не е затоа што Собранието нема таква законска процедура. Значи повторно законот си останува на предлагачот, а тоа е Владата на Република Македонија и требаше денес да имаме претставник низ дебатата, иако немаме можност амандмански да делуваме, низ дебатата да видиме што е она на што ние реагиравме и дали навистина имаме аргументи, аргументирано реагираме и дали навистина нешто не треба да се измени во законите.

Прво, да беше присутен овде претставникот на предлагачот ќе го прашав зошто законот е донесе по итна постапка. Од образложението на причините заради кои е пристапено кон донесување на измени и дополнувања на овој закон јас не гледам ниту една причина заради која, а предвидена со Деловникот и со новиот и со стариот, заради што мора да се донесе овој закон по итна постапка.

Сакам повторно да потенцирам дека и по стариот и по новиот Деловник по итна постапка може да се донесе закон кога е тоа неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања на стопанството - немаме такви, или кога тоа го бараат интересите или безбедноста на одбраната на Република Македонија - ни случајно немаме таква причина, и во случај на поголеми природни непогоди - можеби за пожарите требаше да ставиме, тоа е најитно, сега ни гори, нема во адвокатурава, епидемии и неодложни потреби. Верувајте, ова не заради пратениците, затоа што кога се дебатира аргументите се изнесуваат прво за да се убедат пратениците поинаку да гласаат, совршено ми е јасно дека што и да кажувам, што и да читам, какви одредби и да читам, не можам да допрам до пратениците на парламентарното мнозинство и да ги убедам да го сменат своето мислење, но заради јавноста ќе кажам. Заради јавноста велам дека навистина ниту една единствена причина нема заради која што овој закон требало да се донесе по итна постапка и со самото неисполнување на одредбите на Деловникот и ставање на овој закон како итен значи и претседателот тогаш, и парламентарното мнозинство го прекршиле Деловникот. Јас реагирам на процедурата на донесување на овој закон при ставањето како точка на дневен ред на седница.

Понатаму, ако не мора да се донесува законот, односно ако не е исполнет ниту еден од условите предвидени со Деловникот за итност во постапката, ќе се донесува законот во фазите кои се пропишани со Деловникот и тогаш во најмала рака требало да се отвори поширока дебата околу

заинтересираните групи, а тука пред се и над се се Адвокатската комора и секако идните млади правници на кои се повикуваме во образложението за причините од потребата за донесување на овој закон, а дел од нив ќе станат секако членови на оваа Адвокатска комора и ќе се определат за вршење на адвокатска дејност, ќе сме имале можност да ги слушнеме нивните ставови, затоа што јас сум правник и знам дека се поделени мислењата, дури и кај нас, по одредени предложени решенија можеби внатре и во Адвокатската комора и во правната фела и кај нас тука како политичари и пред се како правници.

Бидејќи, навистина нема потреба од итност во донесувањето, а секое законско решение кога ќе се објави веќе се иплементира или мора да се постапува по него и имајќи предвид дека имаме дилеми и самите ние по тоа решение, уште еден аргумент е дека навистина не требало да се донесува овој закон во ваква итна постапка. Требало да се отвори поширика дебата и особено требало да се слушне мислењето како на Адвокатската комора, така и на сите млади правници, затоа што тие имаат право да знаат што ги очекува по завршувањето на нивното образование и доколку ако се определат да ја вршат адвокатската дејност. Значи, уште една причина зошто не требало да се донесе овој закон, зошто не требало да се донесе во ваква постапка, зошто не требало да се донесе вакви решенија, избрзани решенија.

Јас кажав дека има дилеми во одредени предложени решенија, немаме аргументирана дебата, немавме дебата во собраниските тела за да можеме со ислушување на дискусиите можеби и да си го смениме ставот по одредени решенија, и сега ние сме хендикепирани и практично немаме став. Само имаме веЌе готови решенија кои што се волја на предлагачот, а предлагачот го немаме тука, за да можеме да го прашаме зошто предложил вакви решенија и останува сега да се донесе закон ваков каков што е предложен без да видиме како ќе се одрази при практичната примена.

Она на што би сакала јас сега да реагирам, особено реагирам на сите решенија заради процедурата, но она што јас сакам да реагирам е на решението на членот 5 каде што се додава нов член 33-а, каде што една статутарна материја, материја која што досега била предмет на регулирање на статутот  на Адвокатската комора, сега практично станува законска материја. Мислам дека со ваквите решенија се повеќе го гушиме еснафот. Немаме либерализација внатре во односите. Не им даваме мегдан сами да си ја креираат организацијата, затоа што таа организација е за нивните потреби. Реагирам на решението Собранието да се напушта делегатскиот принцип Собранието да го сочинуваат сите адвокати. Тоа е добро, меѓутоа ако се има предвид дека никогаш нема да се постигне потребното мнозинство за да се одржи една седница на Собранието, а имајќи предвид заради спреченоста секако на адвокатите пошто во еден ден треба тие да откажат сите активности и да дојдат на Собрание, па затоа беше измислен делегатскиот принцип и да донесуваат одлуки. А, знаете Собранието на Адвокатската комора донесува значајни одлуки. Мислам дека ова решение не требало да биде содржано во законот. Ова решение практичНо значи мешање повторно во политиката и во Адвокатската комора, ова решение значи дека никогаш во овој закон Собранието во Адвокатската комора нема да одржи седница и никогаш заради тоа што нема можност да достигне кворум, ова значи дека Собранието никогаш нема да избере свој претседател на Адвокатската комора, што ќе значи хендикеп, што ќе значи неможност за функционирање на Адвокатската комора.

Јас нема да го искористам целосно моето време, мислам нема да се јавам за збор, ви благодарам за вниманието и мислам дека сите овие аргументи кои што ги искажав, доколку беше тука претседателот, претставникот на предлагачот имаше мегдан да ги вкрстиме аргументите да подразмислиме, затоа што не зборувам само така заради да зборувам, туку зборувам во функција да се подобри законот. Но, со кршењето на Деловникот немаме можност амандманско да делуваме, немаме претставник да не чуе практично и дебатава ни е, односно немаме можност од дебатава да го смениме законот и сето ова станува апсурдно што го правите вие, толкувајќи го и Деловникот и Уставот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе,

Ова е уште еден од низата закони кои во целост ја отсликуваат состојбата во македонското Собранието како резултат на однесувањето на владејачкото мнозинство на чело со ВМРО ДПМНЕ.

Изминативе два дена говориме за суштински закони кои ќе имаат сериозни последици врз граѓаните на Република Македонија, а во ова Собрание нема дебата. Има исклучиво по некоја реплика и тоа кога некој од пратениците на ВМРО ДПМНЕ е лично засегнат од дискусиите на пратениците на опозицијата. И овој закон за измени и дополнувања на Законот за адвокатура предизвика многу контраверзии како и сите останати закони за кои ова Собрание расправа во изминативе два дена. За жал, и за овој закон не ни беше дозволено амандмански да интервенираме со една единствена цел да направиме подобрување на текстот на овој закон.

За содржината на измените кои ги предлага Владата најдобро говори реакцијата на Адвокатската комора која секако е организацијата, односно здружението кое во голема мера ќе треба да ги имплементира измените на овој закон. Значи денес, владејачкото мнозинство ќе донесе

измени на Законот за адвокатура без за нив претходно да се изјасни или да дебатира Адвокатската комора односно без да се консултира со еснафот кој треба да го имплементира овој закон. Затоа ниту на јавноста, ниту ние не треба да се чудиме зошто Адвокатската комора има сериозни забелешки не само на постапката со која се носат овие измени, туку и на содржината на измените. Затоа и најави дека ќе ги оспори пред Уставен суд. Иако, измените на Законот за адвокатура не се обемни, тие многу добро ја отсликуваат намерата на ВМРО ДПМНЕ, а таа е многу јасна како во изминативе 20 месеци, така и сега. Значи, буквално да се воспостави контрола или да се изврши упад во сите општествени сегменти во Република Македонија. Со члено т 5, поточно со ставот 3 од членот 5 Владата директно се меша во начинот на избор на органи и во Адвокатската комора и начинот на нејзиното управување. Дозволете, во интерес на јавноста да го прочитам ставот 2 од овој член. "Највисок орган на Адвокатската комора на Република Македонија е Собранието во кое членуваат сите адвокати запишани во именикот на адвокати". Од кога тоа Влада, без разлика дали е на ВМРО ДПМНЕ или на СДСМ ќе се меша во тоа, во Адвокатската комора односно во Собранието како највисок орган кој ќе членува. Дополнително што овој член директно се коси со одребите од членот 20 од Уставот на Република Македонија, кој јасно регулира дека на граѓаните им се гарантира слободата на здружување , а при тоа и начинот на кој ќе се организира било кој комора. Но , на ВМРО ДПМНЕ не му е прв пат да се обидува да прави вакви упади. Во изминативе 20 месеци јавноста беше сведок и на неколку обиди за упад, каде што некаде успејаа во невладини организации односно здруженија на граѓани. Тука е доволно само да го спомнам примерот со изборот на нови органи во фудбалската федерација на Македонија каде на дело делегатите им се правеше до сега невиден притисок од стран на некои припадници на Министерството за внатрешни работи. Но, всушност вистинскиот одговор за намерата на ВМРО ДПМНЕ дојде вчера односно го добивме вистинскиот одговор зошто ВМРО ДПМНЕ сака да направи упад во начинот на управување на Адвокатската комора. Затоа што ВМРО ДПМНЕ на ваков начин сака да елиминира секоја можност, во случајов еснафот Адвокатската комора да говори за начинот на кој власта врши упад во судскиот систем во Република Македонија. да говори за начинот на кој се избираат судии во Република Македонија и кои се вистинските критериуми врз основа на кои одлучува Судскиот совет да избира судии кои штио треба да извршат упад во судскиот систем. Критериумите се прават во ВМРО ДПМНЕ и според тие критериуми за судија на Врховен суд отпаѓа личност односно поранешен судија на Европскиот суд на човекови права во Стразбург. Но, не се одговорноста или за тоа како се однесува ВМРО ДПМНЕ таков суд ќе кажат сигурно граѓаните.

Сакам да ве уверам на крајот на мојата дискусија дека се лажете ако мислите дека ќе ги спречите адвокатите и Адвокатската комора на ваков начин да говорат за упадот кој што го правите во судскиот систем. Верувајте ќе говорат, ќе говориме и ние и ќе ве потсетувам секогаш дека на ваков начин се загрозува владеењето на правото во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Овој е еден од законите кои што наидоа на огромно внимание од страна на јавноста. За жал, целокупната политичКа атмосфера е и контекст во кој што се донесуваше во претходните 2 месеци овој закон не наиде на можност да биде можеби попрецизно објаснет пред граѓаните на Република Македонија, па затоа веројатно и колегите кои отсуствуваа во тој момент од работата во Собранието имаат недостаток на информации, недостаток на сознаниа за самиот закон. Во претходните две дискусии во некоколку наврати беше спомната флоскулата дека со овој закон власта се обидува да изврши упад во Адвокатската комора. Јас ќе се спротиставам на ова тврдење со многу прецизни и многу точни аргументи. Значи, со новиот закон не се навлегува во самостојноста и независноста на комората. Токму членот 5 од Законот за адвокатура, точно пропиќува на кој начин се остварува самостојноста и независноста. Предложените измени и дополнуваат не го ограничуваат организирањето на адвокатите во Адвокатската комора туку напротив го зајакнуваат, со тоа што се пропишува правото на секој адвокат да членува во Собранието на комората како негов највисок орган. Се наметна дилемата во врска со обезбедувањето на кворум во едно такво Собрание на кое што ќе имаат можност сите адвокати во Република Македонија да членуваат , меѓутоа јас би сакал да потенцирам дека воопшто не е проблем еднаш во годината да се свикаат сите адвокати. Доколку се појави проблем со кворумот тоа прашање се определува со статутот на Адвокатската комора и доколку се наиде на слаб одзив на адвокатите кворумот може да се симне онолку колку што е потребно за функционирање на адвокатите. Токму напротив ние сметаме дека се воведува демократизација во Адвокатската комора преку тоа што секој член односно секој адвокат во Република Македонија директно ќе има можност да ги избире органите на управување и изборот на претседател на комората. Со тоа ќе се стави крај на делегатскиот систем на гласање карактеристичен исклучиво за минатиот систем. Ваквиот делегатски систем на организација на највисокиот орган на Адвокатската комора во изминатите 15 години не ја обезбеди потребната транспарентност и отчетност во работењето на органите,

контролните механизми во комората итн. Апсолутно, би додал се укинува адвокатскиот испит како дополнителен проблем на многу млади правници, са намалува драстично плафонот, финансискиот палфон за довивање на адвокатска лиценца. Практично се воведува либерализација во вршењето на дејноста адвокатура во Република Македонија. Затоа, јас навистина не можам да ги разберам критиките кои што доаѓаат по однос на овој закон од страна на опозицијата, освен во намерата политички да се добие некој поен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контрареплика има господин Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Претседателе, прво господине Димовски да ви честитам што после два дена прв пат почнувате да дебатирате за некој и јас се чувствувам поласкан што успеав да ве провоцирам вие да говорите за еден ваков многу суштински закон. Значи како и јас што верувам и вие кога ќе завршите правен факултет, бидејќи верувам дека нема вечно да се занимаваме со политика, ќе треба некогаш можеби да работиме како адвокати. Јас сакам да ви поставам едно прашање, од кога тоа ВМРО ДПМНЕ или од кога вие како пратеничка група ќе се грижите како треба да се демократизира Адвокатската комора. Од каде вие такво право, ако мислите дека освоивте 480 илјади гласови на последните избори и дава право да се мешате во Адвокатксската комора. Па, гоподине Илија Димовски, дали се слушате што говорите, еве пред мене во Дневник излезе наслов " Неуставни измени на Закон за адвокатура" во кој што реагираат 20 адвокати на начинот на кој што ги носите овие измени. Тоа доволно говори како постапувате вие и каква е вашата демократизација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по законот е завршен.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 84 пратеници, од нив 65 гласаа за, воздржани нема, против 19.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменувае и дополнување на Законот за адвокатура.

**Минуваме на точка 22 - Закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи.**

Законот и дописот на Претседателот на Република Македонија, со кој известува дека не го потпишува указот за прогласување на Законот, ви се доставени.

Овој закон е ставен на дневен ред врз основа на член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија а во врска со известувањето Петседателот на Република Македонија од 4-ти август 2008 година дека одлучил да не го потпишува указот за прогласување на овој закон.

Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа Законот, односно само да го разгледа бидејќи Законот е донесен.

Ве известувам дека на Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи примени се 15 амандмани од пратениците ИГор Ивановски, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Согласно член 165 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандмани може да се поднесуваат само на Предлог на закон.

Во Деловникот не постои одредба од која произлегува право на пратеникот да поднесува амандмани на закон кој е веќе донесен и ставен на повторно разгледување на седница на Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Со оглед на наведената одредба на Деловникот примените амандмани од пратениците Игор Ивановски, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ, не можат да се внесат во процедура и по истите да се води претрес.

Значи ќе имаме расправа. Ништо повеќе од тоа.

Отворам претрерс по Законот.

Го повикувампратениците кои сакаат да говорат по законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави Макрадули Јани, господин Минчев Горан, господин Жерновски Андреј, господин Ивановски Игор, господин Андов Стојан, госпоѓа Грковска Лошкова Славица и господин Трајанов Павле.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе

Денеска кога го завршуваме овој пакет на закони кој што не беа потпишани од претседателот на државата ќе бидеме сведоци на прва дискусија од еден пратеник од парламентарното мнозинство и веројатно со тоа ќе се отвори една пополдна расправа во Собранието конечно.

Ова е уште еден од оние закони кои што јас ги велам типични за ВМРО ДПМНЕ, Владата, многу повеќе за Владата, отколку за Собранието, каде што се обидуваат да не размислуваат системски, генерално и во интерес на Република Македонија, туку само дневно и во интерес на ВМРО ДПМНЕ. Наместо да се обидат да работат согласно законите, сведоци бевме во изминатите две години, посебно во јули и август оваа година..

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам од моја страна го молам пратениците за тишина во салата и да го сослушаме колегата. Повелете, колега.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

И наместо да се следат и да се спроведуваат законите што се донесени, наместо да се работи на нивна имплементација, се она што ВМРО

ДПМНЕ не сака да го почитува во законите се обидува да го направи тоа со промена на законите.

Се она што ВМРО-ДПМНЕ не сака да го почитува во законите се обидува да го направи тоа со промена на законите. Значи, или пак од друга страна ако за кампањата има некој што им помагал тогаш тоа ќе го направи со носење на закон што е во интерес на таа компанија. Одкога вчера се направи тоа со катастрофалниот Закон за работни односи, откога се замолчеа невладините организации или ќе се замолчат невладините организации со Законот за лобирање, денеска со Законот за надворешни работи се воведува аматеризмот и непрофесионализмот во надворешната политика на нашата држава. И наместо да се бориме согласно кампањата на Владата "Знаењето е моќ" ние со овој Закон односно ВМРО-ДПМНЕ со овој закон го воведува аматеризмот и се она што е неквалитет да се занимава со надворешната политика на нашата држава. На тој начин уште еднаш потврдува дека не сака да работи на меѓународниот углед на Република Македонија, дека има своја агенда, дали е тоа агендата да направи опшорт компанија во Македонија во која ќе се перат пари и само ќе тераат бизниси три четири луѓе околу премиерот ќе покаже времето, но законите што ги донесовме вчера и овој закон само не одалечуваат од онаму каде што 98% граѓани сакаат да одат, а тоа е Европската унија.

Овој закон во повеќето измени што се направени реков, се обидува да решава дневна политика заради немањето капацитет на Владата прво да направи кохабитација со претседателот на државата, а второ да ги спроведува Законот за надворешни работи што е даден.

Воведува премногу дискрециони права на министерот и тоа не само во доменот каде што е тој надлежен како раководен орган во МНР, туку со Законот самиот си присвојува, бидејќи министерот е предлагач, самиот си присвојува и права кои согласно Уставот и законите ги има претседателот на државата. Така да дури и за апсурдна ситуација се наоѓаме дека за претставник што ќе биде делигиран или испратен од страна на претседателот на државата ние имаме одредба овде каде што тој истиот треба да работи по директива на министерот за надворешни работи.

И затоа веројатно ни се смее цел свет кога на секој еден претставник во странство му додаваме уште еден плус или во овој случај како што се разговорите пкплу името каде што лидерот на ВМРО-вските тројки генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ Мартин Протугер е тој контролор што треба да пази што прави претставникот номиниран од претседателот на државата уште во некој мандат претходно, а не во овој и затоа Република Грција има еден претставник на државата, а Република Македонија има еден претставник на држават и еден претставник на тројката на ВМРО-ДПМНЕ господиниот Мартин Протугер кој што треба од позади да слуша што гледа. И затоа кога ќе дојде господинот Нимиц овде ќе оди на една посета во Владата на една посета кај претседателот на државата, но гледаме различен состав седат таму. Тоа е лошо за државата. Она што во Законот плус, реков, се промовира е тоа спротивност од кампањата "Знаењето е сила, знаењето е моќ". И може бившиот претседател на младината на комунистичка Југославија да зборува сега како претставник на комората за заборавање на некои минати времиња од социјализмот, ама на пример како дел од спотот на Владата за "Знаењето е сила, знаењето е моќ", ама овој Закон вели, наместо двогодишно искуство ви треба едногодишно искуство, наместо четиригодишно искуство треба двегодишно искуство, не ви треба никакво знаење само ви треба потпис од министерот за надворешни работи кој што ќе ве испрати во дипломатски конзуларните претставништва.

Досега во вонредни случаеви мандатот во дипломатско конзуларните претставништва можеше да биде без конкурс само 6 месеци, сега без интерен конкурс тоа ќе биде две години. И така ќе ни се случат луѓе да одат во странство да ја презентираат Република Македонија со сомнително образование и со исклучиво лошо познавање на странските јазици. На тој начин угледот на Република Македонија паѓа надолу, Македонија не е повеќе успешна приказна затоа што тие што треба да ја промовираат се луѓе кои се појавиле таму случајно, луѓе кои што немаат искуство во работа во МНР и кои само со шест месеци во МНР можат да добијат двегодишна позиција во дипломатско конзуларните претставништва.

Овој закон оди спротивно во заложбите на Владата и за европските препораки за намалување на дискреционите права на министрите бидејќи во 90% од членовите се зголемуваат дискреционите права на министерот.

За жал, ова е реков уште еден закон кој што треба да реши политика која што не успеала ВМРО-ДПМНЕ да ја направи ниту во делот на кохабитацијата, ниту во испраќање на квалитетни луѓе, професионалци во дипломатско конзуларните претставништва или како амбасадори. Ќе биде интересно што ќе се случи со сите оние барања што ВМРО-ДПМНЕ ги имаше за отповикување на амбасадорите предложени од ДУИ, да видиме дали тие сега се исто неквалитетни, исто не работат за интересите Република Македонија согласно зборовите на ВМРО-ДПМНЕ или сега откако се направи коалицијата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ тие сега ќе станат експерти за меѓународна политика и промоција на Република Македонија надвор.

Овој закон е закон кој се однесува за угледот на Република Македонија и сите оние што работат за Република Македонија надвор. Тука нема партиска определба, тука не смее да има партиски избор на нашите амбасадори кои што се

таму дали или како ќе се однесуваат кон луѓето кои што доаѓаат во званичните делегации во странство. Тие мора да работат за Република Македонија без оглед која Влада е и кој претседател е на Републиката во тој момент во позицијата која што ја има.

За жал, реков, овој закон само ќе придонесе за победа на неквалитетот, победа на аматеризмот, на неискуството, а се разбира за жал, штетата ќе биде на товар на Република Македонија.

Затоа овие измени се апсолутно неприфатливи, не е почитувана ни процедурата во комуникацијата и со претседателот на државата и мислам дека ќе се отвори уште една нова рана или ќе се направи штета на политиката на Република Македонија и угледот на Република Македонија надвор од границите на нашата држава.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници.

Гледајќи како се одвиваат работите во изминатиот период не верувам дека некој може да даде едно реално оправдување на начинот на кој што власта се однесува кон процедурите на донесување на закони. Оправдување едноставно за таквите насилнички манири што ги експлоатира власта нема. Неодамна видовме со каква леснотија фрчеа обвинувања кон претседателот на државата за наводен државен удар во ситуација кога тој постапува согласно ингеренциите и согласно Уставот.

Истовремено веќе подолг период ВМРО-ДПМНЕ со сите сили се обидува да прикрие дека со својот начин на владеење многу често удира врз постулатите на државата, го крши и дефинитивно го заобиколува Уставот и гази безобразно врз институциите на системот и тоа апсолутно го прави без никаква задршка. Веќе е јасно дека целта на оваа владеачка гарнитура не е да донесе закони кои што ќе бидат поквалитетни, подобри и поефикасни од претходните. Јасно е дифинитивно дека државните и националните интереси во решенијата во кои што ги предлагаат и потоа вие почитувни пратеници експресно ги гласате им се потчинети исклучиво само и само на вашите најтесни партиски политички интереси. Да ви беше целта вистински да ги решавате овие проблеми во ова Собрание овие предлог закони или измени нема да се донесуваат на едне ненормален начин како една фабричка лента туку во рамките на предвидената законска процедура. Да имавте вистински искрена намера да ги отстраните сите недоречености во досегашните решенија, ќе отворевте барем јавна дебата во која што барем ќе ги сослушавте мислењата на они луѓе од областа во која што се регулирани сите овие закони. Да ви беше целта патриотска, како што милувате да го експлоатирате овој збор, немаше да го кршите Уставот наметнувајќи одредби кои што се косат навистина со највисокиот правен акт во Република Македонија.

И конечно да имавте барем малку чувство за државата немаше од овој највисок законодавен дом да правите циркус.

**Трајко Вељаноски:** Господине Минчев, се извинувам, јас ве сослушав, пожелно е да зборите по законот. Продолжете затоа што пола од времето го потрошивте за процедурално. Продолжите по законот, ве молам.

**Горан Минчев:** Благодарам.

Токму поради еден тесен интерес на Груевски, неговото најблиско зближување се случи една негативна офанзива на едно итно носење на закони. Иако станува збор за закони кои се регулирани за едни суштински области во функционирањето на државата и општеството воопшто во целина власта не осети потреба да ги донесе на еден транспарентен и редовен начин.

Исто така оправдано овие закони си ја понесоа додавката или пак придавката спорни. Во нив има многу дискутабилни, па и навистина штетни одредби.

Затоа почитувани пратеници од вас беше и од Владата нормално сето тоа брзање и тајност, но за жал, сето ова самоволие продолжува, а доказ за тоа е и денешната седница. Најголемиот проблем во тоа што своеглавоста ја тренирате и токму на оние предлог закони кои што се исклучително важни и онаму каде што ќе предизвика и дефинитивно најголема штета. Предлог законот за измена и дополнување за надворешни работи можете да го наречете секако, само не добар предлог и тоа од многу причини.

Најважната е можеби што директно ја отворате вратата за целосна партизација на целокупната македонска дипломатија. Доволно е во овој Предлог закон или во овие измени само да се наведе примерот со членот 8 од Предлог законот со кој што се менува членот 36 од Законот за надворешни работи. Според измената наместо дветретини професионалци од МНР за амбасадори ќе се именува само една четвртина. Истовремено таа една четвртина не морало да бидат професионалци со највисоки дипломатски звања, туку само со високи. Оваа измена дефинитивно не можеме да ја протолкуваме како добра затоа што отвора еден простор за ВМРО-ДПМНЕ токму сите оние партиски војници кои што се оставени по страна да ги вметне на овие високи значајни позиции и тоа со пониски звања.

Во прилог на штетноста на сите предложени измени, а како потврда дека партизацијата е основна цел на Предлог зкаонот говорат и предвидените измени во роковите. Правото на државниот службеник да може да полага дипломатски испит се зголемува од еднаш на двапати, а истото право може да го користи после само една година работење во МНР наместо како досега после две години. Изгледа почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ како што штанцате лоши

закони така дефинитивно после овие предлог-измени ќе штанцате и лоши дипломатски кадри пред се штетни за иднината на Република Македонија.

Во истата насока и членот 15 со кој се воведува една измена која според генералните конзули повеќе не мора да се од редот на службениците од Министерството туку по ваше мислење, нормално ќе си најдете афирмирана личност од онласта на меѓународните односи. Тоа нема да значи ништо друго туку отворена врата на господиниот Груевски да си постави за конзули свои пријатели, роднини и познаници на кои што дефинитивно таму не им е местото.

Допрва, ќе гледаме тотални анонимуси во дипломатско-конзуларната мрежа како што имавме еден случај пред две години кога се именуваше на местото конзул во Солун и беше еден поставен лекар кој што немаше ама баш никаква допирна точка со функцијата што ја обавуваше или најмалку со еден збор кажано со дипломатијата. Давањето на една законска рамка на вакви јасно негативни намери може да се нарече само срамно и ништо повеќе. Но, тоа е кога се владее со едне аполустистички дух сите желби на водачот, на лидерот ваш и на ова Собрание мора да се исполнат.

Дали во оваа актуелна Влада ќе се најде некој јунак кој што мисли спротивно на премиерот допрва ќе видиме затоа што веќе постана и ризично да се мисли со сопствена глава различно од лидерот на партијата. Надворешната политика исто така е клучен инструмент во стратешките цели во Република Македонија. Со едно вакво девалвирање на дипломатијата и со нарушување на континуитетот на создавање на еден дипломатски кадар се праќа една јасна порака колку на оваа власт и се важни тие стратегиски прашања на нашата држава. Покрај низата сериозни проблеми со кои сме соочени и кои ги создаваат ваквите и слични измени во Законот за надворешни работи, а кои се навистина во целосна насока на проширување на партиска инсталација во дипломатската мрежа, во овие измени и директно се задира во ингеренциите на претседателот на државата во надворешната политика кои му се доделени и одредени согласно Уставот.

Втората и клучна работа е нелегитимното и противуставниот обид да се ослаби позицијата на претседателот. Така со измените за кои говореше мојот колега Јани Макрадули покрај претседателот и Владата ќе може да отповикува амбасадори.

Почитувани колеги пратеници,

Република Македонија е навистина во една сложена надворешно политичка ситуација. Не мораме да си објаснуваме сами меѓу себе со какви се проблеми се соочуваме кон патот на остварување на нашите надворешно политички цели и нашата борба, верувам ако е искрена од ваша страна во последно време се помалку мислам дека е искрена намерата во ВМРО-ДПМНЕ за влез во НАТО и Европската унија.

Во ваквиот, би рекол, несериозен пристап кон одредувањето и освојувањето на сите вакви механизми Република Македонија испраќа опасни сигнали до Меѓународната заедница. Ваквиот насилнички однос води кон заклучок дека стратешките цели кои што ги споменав власта на ВМРО-ДПМНЕ само декларативно и паралашки ги споменува, а верувам дека искрено не ги користи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитуван претседателе.

Ќе се обидам да објаснам зошто ЛДП нема да го подржи ова предложено решение од страна на Владата, но ќе укажам сепак и на некои позитивности што ги има во овој закон, како што тоа го направи претходно мојата колешка со Законот за адвокатура. Но, за жал, сепак во овој закон доминираат работи кои што се сосема спротивни од она за што се залагавме сите како партии во изминатиот период без разлика дали сме власт или опозиција, а тоа беше професионализација на дипломатијата.

Значи, зошто прво беше Законот за работни односи, па потоа му текна на премиерот Груевски да оди со ова. Затоа што вчера ВМРО-ДПМНЕ остави дефинитивно простор да си ги вработи своите членови, оние што останаа невработени. Во секоја политичка партија и во мојата има луѓе кои што доаѓаат јас не сакам да бидам обичен работник, па трета смена да работам, јас сакам во дипломатија.

Добро, ако сакаш да работиш во дипломатија, господин си, ова она, ќе ти направиме со новиот закон да надворешни работи.

Според новиот закон за надворешни работи, нема потреба да си професионалец, туку ако си шеф на ВМРО ДПМНЕ ќе те ставиме амбасадор, конзул, па потоа ќе видиме дали те бива или не. Тоа што е битен период, тоа што е круцијален период за влез во ЕУ и НАТО, тоа не е битно, битни се интересите за Република Македонија, ама по битни се интересите на нашата партија.

Значи главните забелешки доаѓаат, прво што овој закон предложен од страна на премиерот Груевски е директна партизација на македонската дипломатија и второ што шефот на дипломатијата ги проширува своите ингеренции.

Тоа што со новиот закон е предложено дискреционо право на министерот да испраќа вработени од Министерството во ДКП, веднаш ми остава дилема што вчера ја кажав, дискреционите права.

Вчера Владата, благодарејќи на парламентарното мнозинство си изгласа дискреционо право да одлучува кој смее да лобира односно кој воопшто смее да се занимава со политиките на Владата.

Денес откако ќе биде изгласан, а ќе биде изгласан од парламентарното мнозинство овој закон, има министерот за надворешни работи дискреционо право. Зошто го велам тоа за дискреционото право.

Сетете се на едно од првите ветувања на премиерот Груевски, пред две години кога дојде на власт и кога кажа дека на нула ќе ги намали дискреционите права. Не гледам јас со овие пет односно шест закони што претседателот не ги потпиша дека се намалуваат дискреционите права. Напротив. Значи, ветувањата, полека од ден на ден тонат и на граѓаните, верувајте, ќе им стане јасно дека сето тоа е заблуда, дека е една фиксација и една фиктивна реалност која воопшто не посстои и повторно го имаме истиот проблем, целосна нетранспарентност во процедурата и во донесувањето на овој закон. Значи повторно премиерот не убедува како работи потранспарентно од претходната влада. Вчера ги земав другите закони како пример, денес ќе го земам овој закон.

Многу добро знаете, политичката јавност е свесна дека воопшто, прво не беше запознаена со намерата на актуелната Влада да изврши промени во оваа област, а јас ќе ве потсетам во периодот април 2006 година, дискутирав и тогаш за предложениот закон, кога Законот за надворешни работи беше носен од претходната Влада.Уште еднаш одеше во редовна процедура, во повеќе фази.

Дали се сеќавате почитувани колеги дека беше организирана повеќе месечна широка јавна дебата каде буквално беше вклучен целиот професионален дел од администрацијата и дали се сеќавате кога по повод тој текст се организираше средба во кабинетот на тогашниот министер за надворешни работи со сите, ама буквално сите претходни министри за надворешни работи беа присутни. Така, тогаш ние разбиравме дека треба да се донесе еден ваков битен закон за надворешни работи. Видовте вие сега дека некој се консултираше со претходните министри, видовте вие некаде дебата, видовте ли некаде дека воопшто знае некој дека има промена? Не. Повторно брза измена, брзо гласање без дискусија. Јас сум изненаден што денес не се пријавени пратеници кои ја водат Комисијата за надворешни работи во Парламентот, кои ја водат Комисијата за европски прашања во Парламентот. Како, тие нема што да кажат? Мислат дека тоа е одлично. И да е одлично нека кажат што е толку добро штом не се јавуваат, нешто не е во ред, затоа што јас кога верував дека е нешто добро, ќе се јавам и ќе го бранам, убеден во тоа дека е добро.

На крај, најголем дел од забелешките од јавната дебата тогаш беа вградени во тој текст.

Согласно Уставот на Република Македонија Претседателот на Републиката има изворни ингеренции во надворешните работи во државата, што упатува на усогласеност при депонирање на ваков текст. Вие и по претходните дискусии гледате во неговото обраќање дека воопшто не е консултиран претседателот на Република Македонија, кој и да е, не е битно кој е во моментот. Кога се носи процедура за закон за надворешни работи не може да не се консултира и да се прифатат забелешките на претседателот на државата кој има ингеренции во областа на надворешната политика, или ако сакате во областа на дипломатијата. Не. Ниту него ќе го третираме, затоа што господинот Црвенковски и господин Црвенковски, не е претседател, ама кога треба да се земе мандатот за да се стане премиер, тогаш е претседател, а потоа откако ќе се земе мандатот не е претседател.

Намерите на предлагачот за измените и дополнувањата на овој закон во односно МНР, се образложени во документот на Владата.

Јас сум прилично уверен дека создавањето на целосно професионална и одговорна дипломатска служба која ќе биде силна, некорумпирана, професионална, е во интерес на Република Македонија и треба да биде, не е, за жал, на сите. Треба да биде императив на сите политички сили во државата.

Прво, имаме намалување на професионалните стандарди во МНР. Намалениот број, беше тоа кажано, да не повторувам, на шефови на ДКП кои се од рангот на професионални дипломатии, од две третини на една четвртина, остава впечаток прво на недоверба во професионалните кадри, но она што е најважно, јасно е дека се отвара простор за да влезат кадри од ВМРО ДПМНЕ, кои не се кадри да ја водат оваа работа. И тогаш кога ЛДП гласаше за претходниот закон, имаше кај нас неколку луѓе што се сметаше дека се родени за дипломатија и кои забележаа дека не можат да ги исполнат тие критериуми, па рековме мора да се исполнат тие критериуми. Знам дека во секоја политичка партија има незадоволни, но не значи дека, според афинитетите на политичката партија која е на власт, треба да ги менуваме законите.

Намалениот рок за полагање на дипломатскиот испит, од две на една година, ги намалува во секој случај стандардите за солидна одлука и образование на новиот кадар на МНР, а сите велиме дека треба да имаме професионалци во оваа област.

Понатаму, двојната можност за полагање на дипломатскиот испит, наместо да ги зацврсти всушност ги намалува можностите на најдобрите да бидат дел од  оние кои ќе и служат на државата.

Понатаму, ако сакате, зголемувањето на рокот до кој министерот може да испраќа дипломатски службеници од 6-5, на 2 години, наместо да ги зајакне, всушност го намалува професионалниот однос, според мое скромно мислење, на дипломатските службеници во однос на развојот на нивната кариера.

Намалениот број на шефови на ДКП кои се од рангот на професионани дипломати од 2/3 на ¼, го зголемува вниманието на политичките партии и

всушност станува арбитрарен фактор за тоа кој ќе биде а кој нема да биде во дипломатијата.

Она што сакам да го потенцирам при дискусијата за овие измени, е тоа што утврдувањето на критериумите и постапката за именување на шефовите на ДКП со подзаконски акти, наместо, всушност да ги намали дискреционинте права, се постигнува спротивниот ефект и истите се зголемуваат. Тука повторно ќе се занимавам со Антикорупциската корупција, која упорно, секогаш ни потенцираше дека во оваа област не смее да имаме промени и очекувам Антикорупциската комисија да биде една од првите, покрај Уставниот суд што ќе мора да каже дека ова е против уставен закон, очекувам таа да каже дали овде се зголемуваат можностите за коруптивно однесување.

Од страна на претседателот на државата имаше најмногу забелешки, што е сосема нормално затоа што директно се навлегува во неговите ингеренции. Одповикувањето на амбасадорите знаеме чија ингеренција е. Именување на специјални пратеници на претседателот, се знае чија ингеренција е. Во моментот кога ВМРО ДПМНЕ односно министерот за надворешни работи ќе ја преземе оваа ингеренција јасно е со каква намера се оди во остварувањето на целта, да се промовираат партиски кадри.

Реков, би било несоодветно да не се укаже дека во измените и дополнувањата на Законот за надворешни работи има и позитивни решенија. Јас сметам дека сепак времетраењето да се повикаат амбасадорите во земјата, има и позитивни работи затоа што сме биле сведоци кога тоа не било регулирано и кога поминува голем рок откако некои дипломати не си ја вршеле работата како што треба, но не биле повикувани затоа што досега тоа беше неограничено. Значи, секогаш потои простор да се поправи некој текст, меѓутоа не да се поправи на тој начин што ќе користи само на една политичка партија односно на политичката партија која е на власт.

На крај, сакам да укажам дека, кога ЛДП ќе учествува повторно во власта, сакам од овде да ветам дека ние не само што ќе ги вратиме стандардите кои беа поставени, туку и ќе ги засилиме затоа што сме убедени дека само професионален кадар, професионални дипломати можат да ја остварат целта кон која се стреми Република Македонија. Сосема е поинаку да ја водите битката за зачленување во НАТО во ЕУ, и ако сакате проблемот со името, со професионален кадар што има искуство, што е обучен за тоа, што знае како да ја изврши таа работа, отколку да праќате луѓе што немаат ни ден, буквално ни еден ден или час искуство во дипломатијата. Мислам дека праќаме сосема погрешна порака, наместо да пратиме порака дека надворешната политика и Евроатланските аспирации на Република македонија ни се приоритет како институција, Влада, како Парламент, денес парламентарното мнозинство ќе прати порака дека и во овие моменти кога ни е битно, не дали и кога Македонија ќе биде член на НАТО и ЕУ, ние праќаме порака дека за нас односно за парламентарното мнозинство кога е одличен простор да си ги вгнезди своите кадри.

Уште еднаш да кажам, тоа се причините зошто како пратеник од ЛДП не можам да ги гласам и изгласам овие предложени измени во Законот за надворешни работи. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Камерите, веројатно тоа не можат да го регистрираат, вие и јас го гледаме, да се покаже реалната незаинтересираност на ВМРО ДПМНЕ, за овој закон.

Од мојата десна страна го нема министерот за надворешни работи, Антонио Милошовски, дури го нема ни заменикот на Владата, кој по потреба става и одзема наочари, во зависност од сериозноста на дебатата. Гледам дека пишувал мислење на Влада за резолуција за која разговаравме пред еден час, а го нема, да речеме кога дебатираме за закон за надворешни работи и тоа е срамота. Срамота е целата оваа фарска што ја направивте во овие изминати два дена и мислев кога веќе влегувате во вашата насилничка, кога велам вашата, не мислам вас лично претседателе, на ДПМНЕ насилничка мисија. За да ги заштедите парите на граѓаните можете комотно да предложите измени на Уставот на Република Македонија со кој би се укинал парламентот, ем пари ќе си заштедат, ќе работат само службите во Владата, бидејќи и така овој парламент стана обичен панданс на инсталациите во Владата, нема потреба да има пратеници, ќе си има само министри, заменици министри итн., тие ќе си ја водат целата работа. И за жал, Македонија се доведе во ваква апсурна ситуација, закони кои се вратени заради сериозни работи, ние не можеме да ги измениме. Зошто ја малтретираме македонската јавност два дена. Вие велите по Деловникот немаме право, јас ве уверувам имаме право, затоа не читате, меѓу нив и мене лично бидејќи сум предложил голем број амандмани за измена на овие закони. По која логика закон не потпишан би се вратил назад, за да не го изгласаме? Вие имате мнозинство. Втората работа е што покажувате огромна доза на страв. Не можам да разберам со 63 пратеници, ВМРО ДПМНЕ и сателитите околу нив, се доведуваме во ситуација да не ни дозволувате да промениме ни една запирка. Тоа за мене е страв, како што е срамота и страв во исто време за Закон за надворешни работи да биде пријавен сателитот на ВМРО ДПМНЕ, познатиот познавач на надворешните состојби меѓу Македонија и Грција, заради честите премини на граничниот премин Богородица, Павле Трајанов.

**Трајко Вељаноски:** Господине Ивановски ве молам по законот расправајте. Времето ви тече, а цело време процедурално зборувате.

**Игор Ивановски:** Затоа господине претседателе, ќе се обидам не да ве убедам вас или пратениците, туку македонската јавност, и да ги соопштиме нашите аргументи зошто овој закон е лош.

Прво, овој закон е против уставен и најверојатно ако се покрене иницијатива пред Уставниот суд, ќе падне. Ќе падне затоа што директно ги дерогира, ги уништува, ги изменува, како сакате кажете, одредбите од Уставот кој децидно подразбира дека водењето на надворешната политика е поделена помеѓу претседателот на државата, Владата и нејзините институции и во дел и Собранието. Но, во овој момент ние не разговараме за Собранието.

Втората работа е што овој закон е резултат на политичката нахалност за кој веќе зборуваа колегите пред мене, на ВМРО ДПМНЕ на чело со трагикомичниот, според мене, министер за надворешни работи кој повеќе прави штета отколку корист за Република Македонија.

Во секоја нормална држава надворешната политика е резулат или огледало на внатрешната политика, само во Македонија е обратно. Премиерот и министерот за надворешни работи, бидејќи другите и не се заинтересирани за надворешната политика, ја користат надворешната политика за да спечалуваат поени, не надвор, таму каде што треба, ама внатре. Затоа ги имаме тие гафови и непромислени потези од типот пишување писма за кои се знае дека нема одговор, игнорирање на премиеорот Груески од страна на сите релевантни фактори во светската политика. Никој не му одговара. Човекот пишува, иако беше на одмор, додека се сунчаше веројатно пишуваше писма, ама никој не му одговара. И ние имаме апсурдна ситуација нашиот премиер да биде игнориран од страна на релевантните политички фактори.

Втората работа е што овој закон е резултат и на, веројатно комплексот на Груевски и на Антонио Милошоски дека се меѓународно изолирани премиер и министер за надворешни работи, повеќе премиерот. Дали се сеќавате на некоја сериозна посета во изминатите две години, на Никола Груевски. Не. Дури иако побарате на Гугул, нема да ви ги даде бидејќи ги нема. Тоа покажува дека Македонија се наоѓа во најешката ситуација во овој момент, со најлош капацитет од другата страна, меѓународно изолиран премиер, министер за надворешни работи зо врзани раце и со скромни познавања и со многу гафови, како оние со мечките итн., и згора на тоа обид со овој закон за дополнително сахранување на македонската и оле во овој момент професионална дипломатија. Зошто го велам ова? Тоа го кажувам затоа што, да дадете изјава за именување, за креирање на амбасадорски кадар од 2/3 од МНР на ¼ , значи од 66% на 25%, скоро за три пати се намалува, значи дека ВМРО ДПМНЕ во следниот период има една единствена цел, да ги вработи своите партиски кадри, да им праќа инсрукции и да рече барајте го премиерот кој никој во Европа и во светот не го вика и прима. Фалете го министерот за надворешни работи со депешите, за да на крај да немаме дипломатија во интерес на Република Македонија и тоа во многу клучни моменти, кога го немаме НАТО, а се бориме за тоа, кога две години по ред имаме негативни извештаи ид Европската комисија, ние да имаме средување на МНР како обична пиљара во која ќе се унапредува човек само ако има партиска книшка на ВМРО ДПМНЕ. Дополнително, со овој закон, Милошоски и Груески, го спуштаат нивото на оние што можат да бидат амбасадори и велат, не тие со највисоки звања, ама тие со пониски звања. Не може човек што за шест месеци скокна три скали во МНР, денеска да е амбасадор. Знаете што ќе се случи утре? Овие што сега се со договор за дело во МНР, ќе поминат две години, ќе стекнат статус на некакво “високо звање” и ќе ни бидат амбасадори, луѓе што не знаат да ги набројат сите главни градови во Европа. Тие за две години, со послушност, со наведната глава, со потпишана партиска книшка утре ќе ни станат амбасадори. Овој закон тоа го дозволува. Значи, ќе се намали квотата, ќе се втурнат ВМРО-вските кадри со договор за дело, ќе им помине 6 до 2 години времето, ќе се шуткаат од канцеларија до канцеларија, оп, утре дента ќе бидат амбасадори.

Дополнително, министерот за надворешни работи, против уставно, затоа велам овој закон ќе падне на Уставен суд, си ги зема надлежностите што со Устав, како највисок документ, му се дадени на претседателот. Не може Владата да си го зема правото со овој закон, замислете, да подготвки подзаконски акт, со кој ќе утврди на кој начин ќе прати некого од амбасадорската функција и ќе имаме таму во Владата, ќе седнат министрите, ќе направат подзаконски акт и ќе речат, ако амбасадорот не го одпоздрави или не му рече добар ден на шоферот што е вработен со членска книшка на ВМРО ДПМНЕ, тој не ги исполнува задачите, ве молам да се вратите назад.

Прво, се знае кој именува и отповикува амбасадори, тоа е Претседателот, тоа е со Уставот загарантирано право се што е поинаку од ова е кршење на Уставот. Затоа овој закон не може да биде прифатен воопшто во оваа ситуација. Мене ми е јасно зошто тоа се прави, се прави за да побрзо се вратат професионалните дипломати назад за да се именуваат ВМРО-овските дипломати веднаш на почетокот од овој мандат на ВМРО-ДПМНЕ.

Да резимирам, се меша ингеренцијата , согласно Уставот, на Претседателот, се одземаат неговите права, со намалување на квотата се остава не мал простор, туку огромен простор за целосна партизација и уништување на и онака слабата македонска дипломатија. Јас исто така мислам дека квотата од две третини е висока и мислам дека квотата од една половина е доволна и реална, но вие не ни давате право да дебатираме, се плашите од тоа.

Сметам дека апсолутно е неприфатливо Владата и Министерството да преземаат ингеренции на Претседателот само за да ги остварат своите партиски цели. Очекувам веднаш по завршувањето повторно гласање на овој закон во рок од месец дена можеби малку подолго ќе имаме последици од овој закон. Дел од амбасадорите ќе се обиде ВМРО-ДПМНЕ да ги врати, а ќе остави простор за оние мегафони на Груевски кои како петлиња на буниште ја стекнуваат својата слава и рејтинг од типот на Ѓорѓи Иванов, Ивица Боцевски, Јован Донев и компанија да бидат именувани за нови амбасадори, бидејќи, замислете, Груевски им го ветил во 2006 година, луѓето се во депресија бидејќи две години не можат да заминат за амбасадори. Е, тоа ќе ни се случи. Ова, меѓу другото, е и директно барање на екипата на неуспешните или нереализираните луѓе кои не станаа амбасадори и не треба да бидат на чело со Ѓорѓи Иванов.

Затоа господине претседателе ние не можеме да го подржиме овој закон, но сакаме да се обидеме да го промениме и ве молам направете уште еден рационален обид дел од амандманите, не мора сите, да бидат прифатени, бидејќи навистина помагаат во креирањето на подобар закон од оваа страна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе,

Би сакал да реплицирам во првиот дел од говорот на колегата Ивановски каде говореше за тоа како се води нашата надворешна политика, што правиме во моментот, дали е тоа оправдано или не и да спорам со неколку тези.

Прво, очигледно е дека има разлика во однос на прашањето дали прашања кои се суштествени за граѓаните на Република Македонија и воопшто за македонскиот народ кои на сите нас ни се познати не само од изминатите неколку години, туку воопшто наназад изминатите 40-50 години треба да ги отвораме или не треба. Тука има неколку сегменти кои треба да се одговорат.

Прво, мислам дека воопшто не треба да се поставува дилема дали треба да се отвора прашање кое постои заради тоа ако не се отвора прашање кое постои тоа значи или не се пристапува сериозно кон прашањата кои постојат или сакаме да се откажеме од одреден дел од населението на оваа држава.

Второ, денес пред неколку часа изгласавме Резолуција за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на граѓанската војна и Втората светска војна. Сега извинете, но писмата кои ги испраќа не само Груевски, туку ги испраќа и претседателот на Собранието во еден дел се однесуваат токму на ова прашање. Така што не гледам како може да гласаме за таа декларација, а да не се согласуваме со содржината која стои во тие писма.

На крајот, секоја одговорна политика води сметка за интересите на граѓаните во државата во која раководи. Тука се суштествени неколку работи.

Прво, дека ние сме немале храброст, волја, желба, било што да го отвориме ова прашање до сега.

Второ, заради историскиот контекст е вонредно значајно што прашањето го отворивме и го дискутираме и

Трето, во разговорот на водачот на Светската организација на генералниот секретар на ОН Бан Ки Мун има неколку работи кои се факт. Прво, признава дека постојат тие отворени прашања, второ, не вели дека нема да се разговараат, туку вели дека треба да се разговараат после решението на спорот за името, што значи дека ги признава и трето и вонредно битно во нашите преговори со Република Грција е дека Република Македонија негува добрососедски односи. Зошто сето ова го кажувам? Го кажувам од едноставна причина да посочам дека одговорна надворешна политика мора помеѓу другото да е насочена и кон одговорно раководење со граѓаните кои живеат во државата која ја претставува уште повеќе сметам дека посилна дипломатска мрежа значајно ќе придонесе. Ние очигледно овде се разликуваме тоа што го кажа господинот Бранко Црвенковски, но тоа се политики кои на крајот граѓаните ќе ги оценат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам колега за вашата реплика, добро е што отвора минимум дебати иако не ја сфаќам логиката на оваа реплика по оваа точка.

Да расчистиме неколку работи. Прв пат иницијатива за ваква резолуција се донесе во минатиот состав во Комисија предводена од пратеник на СДСМ, дури и пред тоа, се извинувам колега Андов.

Второ, оваа иницијатива требаше да се реализира во месец март, ВМРО-ДПМНЕ ја опструираше во тој момент само за да чека подобри времиња од дневна политичка природа. Требаше да почекаме во летните месеци Груевски да ги испрати писмата, па за да разговараме за овој проблем.

Трето, вополитиката внатрешна и надворешна има два пристапа едниот правите нешто за да не го завршите или правите нешто за да го завршите, ние правиме нешто за да на крај се заврши работата и на луѓето да им се помогне.

Со вашиот пристап, не ваш туку на вашиот шеф мислам дека се прави работата за да не се заврши, затоа имаме ситуација на меѓународно изолиран премиер кој или кога му одговара велат си ја згрешил адресата или најчесто не му одговараат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам почитуван претседателе,

Законот за надворешни работи е многу важен акт, бидејќи регулира многу важна и чувствителна материја. Затоа ЛП ја задолжи својата пратеничка група во периодот 2002-2006 година да изготви закон и да го постави овде, да го предложи на дневен ред. Иако во јануари 2003 година веќе го предложивме законот не дојде на дневен ред, туку после две ипол години Владата тогаш изготви еден Предлог закон кој беше донесен. Морам да кажам дека тоа ми направи задоволство, бидејќи повеќе од 90% од решенијата од нашиот Закон беа вградени таму, а исто така за мене лично и за нас беше многу поважно Владата да предложи таков закон отколку само една пратеничка група.

Тој Закон доцна се донесе кај нас. 15 години после независноста на Република Македонија. Меѓутоа, беше многу важен така како се донесе во една постапка која беше транспарентна и овозможи нужна расправа и увид на јавноста и на стручната јавност и нејзин придонес во неговото изградување. Не велам дека беше идеален, сигурно треба нешто да се промени, меѓутоа, ве молам законите за надворешни работи во земјите каде постојат такви закони, има земји каде нема такви закони, се менуваат после децении искуство ако навистина се воочат сериозни недостатоци на законот во примената, а не вака брзо, не се менуваат брзо законите, тоа е првиот момент што сакам да го истакнам.

Второ, ако дојде до промена, на промената и претходи темелна научна и стручна студија по која се произнесуваат сите чинители во областа на надворешните работи за да се насочи измената точна таму каде ќе значи подобрување и консензус по тоа прашање и по решенијата. Тој закон е дел од стабилноста на државата, дел од стабилноста на политичкиот и државниот систем и државното уредување на една држава.

Затоа треба многу внимателно да се приоѓа кон измените. Овде, ако веќе се сакале измени, требало многу внимателно и целосно да се проучат работите и да бидат презентирани и претресени во сите надлежни тела во Собранието. Овде ни едно собраниско тело не го гледало, бидејќи со овој закон се навлегува во односите кои се уредени во Уставот, сме немале прилика нашата Комисија за уставни прашања да даде мислење по тоа во која насока оди решението, дали има уставна основа или битно задира во Уставот.

Промените во овој закон носат голема одговорност за оној што ги предлага, а можат да нанесат и голема штета ако не се добро обмислени, ако не се добро подготвени не само на дипломатијата, туку и на земјата.

Зошто е важно тој закон да биде добро подготвен. Видете, странците го проучуваат нашиот Устав, ги проучуваат и законите, но потесен круг, Уставот широко го проучуваат во политичките кругови на земјите кои соработуваат со нас. Гледаат како се уредени односите во Уставот меѓу Претседателот, Владата, Министерството, Собранието во областа на надворешните работи. Нив тоа посебно ги интересира. Се држат до тоа. Ако нешто направиме што отскокнува од тоа ги менува со закон утврдените односи со Уставот, за нив е проблематично, бидејќи извлекуваат заклучок дека е можно во сите сектори да го правиме и ние немаме стабилен уставен систем. Ако сакаме нешто такво да направиме можеме да направиме прво ако го промениме Уставот, па потоа да го направиме и во законот.

Затоа мислам дека во овој предлог, јас не навлегувам во другите кои можат да имаат дневно политички користи, овде што навлегуваат во распоредот на уставната моќ сега преиначувањето мислам дека ќе создаде забуна околу силата на нашиот Устав, нашето уставно уредување и неговото почитување во практиката. Настрана од тоа, туку да кажеме само еден пример, овие нови решенија се многу тешки за спроведување. Сега со овие решенија се овозможува да се отповика амбасадор не од Претседателот на државата, туку од Владата.

Видете, не знам како тоа ќе го остварите. Кога амбасадор оди во една земја носи акредитивни писма. Тие се потпишани од Претседателот. Отповикот на амбасадорот го носи идниот амбасадор за кој Владата на таа земја дала агреман и со себе ги носи отповикливите писма, писмата за отповик исто потпишани од Претседателот.

Според тоа  Владата може некој да отповика, но не е отповикан од странство. Кој ќе му напише, потпише, испрати писма на отповик? Кој ќе ги даде тие?. На страна што нешто друго се случува да се пречекори преку тоа еве да речеме на никого нема да му биде јасно, амбасадорот нема да биде повлечен ако нема писмо за отповик потпишано од Претседателот на државата за земјата за која е акредитиран важи акредитацијата. Тоа нема да функционира. Но, ако профункционира тоа е уште полошо. Може да се случи еден да отповикува Владата, за вратка на тоа ќе му отповика друг Претседателот, па Владата уште еден да отповика оти не им се допаѓа Претседателот што отповикал, тогаш ќе направиме општа збрка по отповикот и во претставувањето на земјата.

Такви неважни работи на прв поглед за дневна политика, тоа е бирократија која е непотребна, но тоа е процедура која ја обезбедува стабилноста на еден систем како е претставен надвор. Тоа ја претставува цврстината на нашата држава,на нашиот уставен систем, на нашиот законски систем и т.н.

Затоа јас не можам да гласам за овој закон, ќе гласам против бидејќи мислам дека содржи решенија кои,на страна што ќе направат дневна корист на некого, а  дневна штета на некој друг,

туку ќе направат големи збрки во нашето претставување надвор и големи недоразбирања кај нашите партнери кои ќе дојдат до заклучок за кој никако не смееме да дозволиме да дојдат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров**: Благодарам претседателе,

Почитувајќи го огромното искуство на мојот колега Андов и како амбасадор и познавајќи ја одлично оваа материја, сепак сметам дека потроши малку повеќе енергија околу одредби од измените и дополнувањата кои, барем по мое мислење, не заслужуваат толкава френетичност.

Посебно во делот околу членот 45 од базичниот закон или отповикување на амбасадори кој ќе го прочитам и со измените и дополнувањата ќе видиме дека не држи тоа што го кажа почитуваниот Андов.

Мандатот на амбасадорот може да трае пократко од 4 години до колку самиот тоа го побара, е прогласен за персона нон грата од страна на државата на приемот или има незадоволителни резултати во работата или со своето работење им причинува штета на интересите на државата.

Во случаите од ставот 1 на овој член Претседателот го отповикува амбасадорот најдоцна за 30 дена и став 3 - иницијатива за отповикување на амбасадорот може да покрене и Владата по барање на министерот. Тоа се измените и дополнувањата на членот 12 каде вели: во член 45 по ставот 1 се додава став 2 кој гласи: Владата со уредба подетално утврдува кои работи се сметаат како незадоволителни резултати и работи со кои им се причинува штета на интересите на државата во работата на амбасадорот.

Освен дефинирање на она што е суштинска повреда и отстранување на сите опасности што може една волунтаристичка или паушална одредба да дефинира, сметам дека тука ингеренциите на Владата и Претседателот, барем во делот на уставните нормирања, не се мешаат.

Во членот 5, 6 и 7 постојниот, базичниот Закон за надворешни работи многу прецизно и многу јасно ги уредува овие односи помеѓу извршната, законодавната и Претседателот на Републиката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Видете, јас зборувам за тоа дека со овој закон се отвораат можности за нови конфронтации меѓу Претседателот на Републиката во неговите исклучиви надлежности и Владата. Се проширува зоната на можни конфронтации.

Иницијативите дадени со закон се јавни. Инаку, најнормално е за се да се договараат Претседателот на Републиката и Владата. Се работи за именување на амбасадор и кога се работи за отповик на амбасадор. Секогаш имало и добри и лоши кандидати, имало добри и лоши амбасадори. Меѓутоа, ако тоа се даде јавно тоа е страотно разорување на нашата претставничка мрежа. Ќе видите што значи тоа Владата да го дискредитира некого со својата иницијатива Претседателот да не го повлече. Ќе видите што значи тоа јавно да биде сето тоа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам господине Андов.

Пред да и дадам збор на госпоѓа Грковска Лошкова Славица, со олгед на тоа дека е 13,51 часот, сакам да ве информирам дека се договоривме да продолжиме со работа без давање на пауза.

Има збор госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе,

Читајќи ги измените во Законот за надворешни работи можат да се извлечат неминовно три заклучока.

Прво, дека на овој начин Владата дефакто го признава дилетантизмот во надворешната политика која ја води.

Второ, дека Владата уште еднаш и со овој закон јасно ја искажува својата потреба за партизација комплетно на се и за контрола врз сите исннтитуции во државата вклучително и врз работењето на Претседателот на државата.

Трето, со овој начин се покажуваат фрустрациите, личните фрустрации што гоподинот Груевски ги има спрема господинот Бранко Црвенковски. Заради тоа што да имате таква болна потреба на ваков начин да одземате уставни ингеренции на инстутуција Претседател на државата не може да ве наведе на друг заклучок освен дека станува збор за лична фрустрација и болна суета.

И сега ќе ги елаборирам подетално. Да ги сведете со членот 4 амбасадорите на економски аташеа е рамно на дилетантизам. Наместо да им ја дадете главната улога што ја имаат амасадорите да ги сведете на економски промотори од една страна, а до друга страна да ги ставате во сервис на економските промотори што ги бира Владата, е пак ќе речам, ништо друго освен дилетантизам. Да имате потреба да го намалите бројот на професионални амбасадори кои што ќе ја преставуваат Република Македонија за да го зголемите бројот на партиски кадри кои што ќе ја вршат таа улога е исто така, еднакво на дилетантизам. И ова ќе има сериозен одраз на и онака лошата надворешна политика која што во овој момент ја води Владата на Република Македонија. Очигледно дека Владата на Република Македонија не е задоволна од партиската послушност на веќе актуелните амбасадори, дека не е задоволна со нивниот професионализам и дека има потреба од партиски послушници кои што само ќе ги спроведуваат желбите на премиерот и на

министерот за надворешни работи. Интересно е што е ова продолжеток на веќе востановената политика на Владата за комплетна партизација. Во изминатите две години веќе донесовме неколку измени во закони и покрај тоа што на тоа се профитираа и меѓународни преставници за ставање под контрола на Владата на независни институции, регулаторни тела врз кои што Владата воопшто нема никакви ингеренции. Владата за жал, имајќи го потребното парламентарно мнозинство успеа да ги избутка тие измени на закони во Собранието на Република Македонија и успеа да стави под контрола се што не е во нејзина надлежност. Со новиот парламентарен состав има комплетна двотретинска контрола и на Собранието на Република Македонија. Единствено што Владата остана да не може да го контролира тоа е институција на Претседател на државата. И заради тоа како што го прекрши Уставот со воведување на задолжително средно образование, како што го прекрши Уставот со воведување на веронаука, се разбира со прећутен амин на Уставниот суд, сега увидувајќи дека таквиот терк вродува плод со закон сака да ги земе и уставните ингеренции на Претседателот на државата. Заради тоа не ми останува ништо друго освен да заклучам дека станува збор за лични фрустрации што премиерот ги има спрема Претседателот, актуелниот Претседател на државата.

Потребата се да се контролира, потребата да се дискредитираат оние кадри кои што не идат во линија на Владата се гледа и во членот 8 и во членот 12. Во членот 8 каде што се вели дека начинот за проверка за исполнетоста на условите на кандидатите за амбасадори ќе ги пропишува министерот и во членот 12 каде што вели дека Владата со уредба подетално ќе ги утврди работите кои што се смеатаат за незадоволителни резултати и работи со кои им се причинува штета на интересите на државата во работата на абасадорот. Значи, се ќе зависи од министерот за надворешни работи. Оние кои што не му се по кеиф без разлика дали и како си ја вршат својата работа ќе бидат соочени со уредба донесена од страна на Владата со која што ќе бидат практички линчувани од местото амбасадор на државата. Потребата за контрола на се, потребата за воведување на комплетна диктатура во Република Македонија го покажува и фактот што се се сведува во функционирањето на амбасадорите согласно со инструкциите и насоките на министерот, што е крајно спротивно на уставните обврски што ги имаат другите институции вклучително и Претседателот на државата во надворешната политика. Изненадува и тоа што во писмото кое што го добивме од Претседателот на државата во кое што се наведени причините, една од причините зошто овој закон не треба да помине во Собранието е крајно дрскиот однос од страна на министерот за надворешни работи во кој што бара министерот за надворешни работи во разумен рок претседателот на државата да го извести за евентуални сугестии и дополнувања доставен на 30-ти јули, а Законот за надворешни работи е усвоен на 31 јули во Собранието на Република Македонија. И јас се прашувам сега што значи тоа разумен рок за да можеме да знаеме доколку добиеме некој допис од некои од министерствата во Владата да знаеме што значи разумен рок. Пет минути е тоа за Владата? Согласно која уредба? Некоја нова уредба има министерот за надворешни работи во која што има пропишано што значи и разумен рок за евентуални сугестии и дополнувања? Мислам дека се воведуваат многу лоши правила на игра и јас сум убедена дека било кој министер за надворешни работи, дека било кој претседател на држава не би сакал да се најде во ваква ситуација со вакви правила на игра. Во ситуација кога сме на надворешен план во многу лоша позиција како држава, во ситуација кога се бара мобилизација на сите фактори во државата кои можат да имаат придонес во подобрување на меѓународната позиција на Република Македонија и решавање на отворените прашања, најмалку што ни е потребно е вакво однесување кое што е типично за жал за ВМРО ДПМНЕ визави нивниот однос спрема Претседателот на државата. Тоа што е жално и трагично што ВМРО ДПМНЕ дека не научи дека со ваквите решенија и со ваквото однесување не му нанесуваат штета на Претседателот на држвата, туку напротив и нанесуваат штета на Република Македонија. Меѓутоа, очигледно личните емоции се посилни од потребата да се биде во сервис на државата.

Затоа апелирам министерот за надворешни работи доколку навистина имал искрени намери со предложените законски решенија, доколку Владата навистина била искрена во намерата со ваквите решенија да ги подобри можностите за промоција на Република Македонија и да ја подобри нејзината меѓународна положба, да го повлече Законот, да овозможи дебата, да не се плаши од дебата и на крај да излеземе со измени и дополнувања во законот кои што навистина ќе придонесат за подобрување на угледот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господин Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Не сум воопшто изненаден што почитуваните колеги од опозицијата за Предлог измените во Законот за надворешни работи или Законот за дипломатија како што милуваме да го кажеме што најмалку користеа дипломатски речник. Тоа е вообичаена пракса. Не сум изненаден со обидите за психолошки профили на првите луѓе на власта, но сум изненаден од елементарното непознавање на некои основни постулати или елементарни познавања од дипломатијата.

Наиме, економската дипломатија, тоа е комплимент ако сметате дека е наш изум. Економската и политичко безбедносната

дипломатија се како како два неодвоени дела, значи два толку спојливи дела на дипломатијата така што не можат просто да се издвојат.

Кога студирав надворешни работи или дипломатија не учеа дека економската дипломатија и политичко безбедносната дипломатија се како два крака на ДНК моделот. Значи, просто неодвоени. Од Венеција за време на ренесансата до силните позиционирања на големите развиени економски земји во време на глобализмот, економската дипломатија такаречи е неодвоен дел од активностите на нашите и на дипломатите воопшто во светот. А вие се исчудувате зошто ќе се потенцира и економската активност на дипломатите во Законот за надворешни работи. И тоа е навистина зачудувачки.

Има една интересна книга ќе ви ја препорачам почитувана колешке од Збигњев Бжежински издадена е 1997 година и се вика “Големата шаховска табла” . Во тој дел Бжежински искусен американски дипломат зборува за економизација на меѓународните политички односи, што е нов феномен. Значи позиционирањето на секоја дипломатија во глобалните економски односи е скоро примарна задача на секоја дипломатија, па и на нашата. Постојат два модела во тој контекст, француски и американски, повеќе амбасади отвораат или имаат економски сектори при своите амбасади и сметаме дека тоа е природен развој на нашата дипломатија ако сакаме да биде успешна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Еве, несакајќи да ја спорам вашата професионалност очекувам кога веќе себеси се сметате компетентен за да зборувате за дипломатија, да не ги подржите овие измени на законот, затоа што тогаш ќе знаете дека се против уставни и одат на штета на Република Македонија. А кога сме веќе кај шаховската табла овој закон ќе предизвика само едно, а тоа е ставање на македонската дипломатија во мат позиција.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор е пријавен господинот Трајанов Павле, бидејќи не е присутен во салата го губи правото за збор.

Бидејќи е исцрепена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по законот е завршен.

Пред да го ставам законот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеника, од нив 65 гласаа за, воздржан нема, против 13.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот надворешни работи.

**Минуваме на 23 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеника, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеника, сите 76 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Конвенцијата за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи.

**Минуваме на 24 точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот мислењето на Владата, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за

Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор збро се јави и има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам претседателе.

Сосема накусо да кажам дека подршка дадовме на овој закон на Комисијата за еднакви можности, каде што го разгледувавме и тогаш искажав еден став што би сакала во оваа прилика да го повторам. Едно укажување впрочем, кое е повеќе процедурално.

Мислам дека при гласањето на законот за заштита на децата се прави по ред неколку пати одредена грешка при начинот на гласање. Имено, Законот за заштита на деца се гласа со Бадинтер, додека според Уствот тој би требало да се гласа едноставно со просто мнозинство. Но, со Бадинтер се гласа сега поради Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците според кој сите закони кои некогаш биле изгласани со Бадинтерово мнозинство продолжуваат да се гласаат на тој начин. Мислам дека има една колизија меѓу Уставот и овој Закон за Комитетот за односи меѓу заедниците и дека ни се случува една грешка да се мултиплицира. Само да потсетам дека Законот за грижа за деца е донесен за прв пат 2000 година, гласан е со просто мнозинство, потоа 2003 година е донесена првата измена и дополна на законот кога е гласано исто така со просто мнозинство, а 2004 ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, зборувајте само по текстот на законот, по Предлогот за донесување на законот.

**Лилјана Поповска:** Да, по законот.

За Предлогот на донесување на закон кажав дека во име на Комисијата за еднакви можности заклучивме дека секако ќе дадеме подршка бидејќи на тој начин технички се подобрува овој закон во делот на стимулирање на новородени деца, а инаку процедуралниот дел мислам дека има две решенија, или да се има политичка волја па да се прекине овој циклус на повторување на грешките со гласање по Бадинтеровиот принцип или во следна прилика да се донесе во интерграална форма нов закон каде би се гласало согласно Уставот. Толку би кажала, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на децата.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор господин Шамбевски Оливер, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Како што можете да видите, пред вас е Законот за измена и дополнување на Законот за заштита на децата. Како што можете да видите станува збор за една плилично техничка измена на овој закон кој во многу ќе ја упрости и забрза имплементацијата на истиот. Станува збор само за изменување од која година се бараат податоците од Државниот завод за статистика, заради тоа што, заради природата на работата на Заводот на статистика, првичните податоци од претходната година се објавуваат дури некаде во месец април и од тие причини може да се јави вакуум на оние деца кои се родени од периодот јануари - април.

Од тие причини, му предлагам на Собранието да се земаат податоците објавени од Заводот за статистика пред две години од тековната година. Прилично техничка е измената, но во многу нешта ја упростува и забрзува имплементацијата на овој закон.

Од тие причини, ве молам да му дадете подршка на истиот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 67, нема воздрж ани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 15 пратеници. Од нив за Предлгот на законот гласаа сите 15, од гласањето не се воздржа никој, против нема ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заштита на децата.

Дозволете ми од мое и од ваше име на верниците во Република Македонија од православна вероисповед да им го честитам утрешниот празник 28 август - Успение на Пресвета Богородица, Голема Богородица.

Со оглед на договорот, ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во понеделник, а дополнително ќе бидете известени за содржината на работата во понеделник преку СМС.

(Седницата прекина во 14,20 часот)